Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari

Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ЈАВНА АНКЕТА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ПРЕДЛОГ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С.08 БЛОК 01 КО БУТЕЛ ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ-СКОПЈЕ



**ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ-МЕСТОПОЛОЖБА НА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С.08 СО БЛОКОВИ 01, 02, 03, 04 ,05, 06 и 07**

Предметната локација на Четвртта С 08 се наоѓа во северниот дел на градот територијално припаѓа на општина Шуто Оризари и се наоѓа во границите на сообраќајниците: од север - собирна ул. "Новопланирана 11" ; исток – собирна ул. "Новопланирана 11" и собирна ул. "Лазар Трповски" ; од запад – собирна ул. "Индира Ганди" (ул. "Шуто Оризари") и од југ – железничка линија (Скопје Север). Градската четврт С.08 зафаќа површина од 101.52ха, во рамки на опфат и 91.81ха во рамки на регулациска линија. Границата на

планскиот опфат на четвртта С 08 вкупно е долга 5145.3016 m’ и формира површина од 101.52 ха

Границите на Градска четврт С.08 блок 01 се :

-На север се сопаѓа со оска на собирна улица ,,Новопланирана собирна улица 11’’ ’ согласно со ГУП 2012-2022 година

-На исток и југ се сопаѓа со оска на сервисна улица ,,С1’’ согласно ГУП 2012-2022 година

-На запад се сопаѓа со оска на собирна улица ,,Индира Ганди’’ (,,Шуто Оризари’’согласно ГУП на град Скопје.

Согласно опишаните граници, вкупната површина на блок С.08.03 изнесува 8,95 ха.Согласно член 13 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/20 ) со Јавен повик се известуваат сите заинтересирани жители , правни субјекти и релеваннтни институции дека ќе се оддржи Јавна анкета и Јавна презентација за предлог на Нацрт детален урбанистички план за Градска четврт С.08 блок 01 КО Бутел која се наоѓа во рамките на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година.

Јавната анкета ќе започне 15 (петнаесет дена) од денот на објавувањето на овој Јавен повик и ќе започне на ден 04.08.2023 година, заклучно со ден 04.09.2023 година и ќе трае 30 (триесет) календарски денови.Јавната презентација ќе се оддржи на ден 09.08.2023 година во салата за состаноци на Советот на Општина Шуто Оризари со почеток во 9 (девет) часот.

Нацрт предлогот на деталниот урбанистички план за Градска четврт С.08 блок 01 КО Бутел ќе биде изложен во холот на административната општинска зграда на улица ,,Хаџи Јован Шишко’’ бр.36 секој работен ден од 8-16 часот.

Се известуваат сите заинтересирани физички и правни лица и надлежни институции, дека своите забелешки , дополнувања и мислења, за време на спроведувањето на јавната анкета и јавната презентација ќе можат да ги приложат во анкетните листови кои ќе бидат достапни во хартиена форма во општинската зграда или во електронска форма кои ќе бидат достапни преку информацискиот систем е-урбанизам со број на пстапка 37761 и на веб страната на општина Шуто Оризари www. sutoorizari.gov .mk

Ова Соопштение со Јавниот повик ќе биде објавено на огласната табла во административната општинска зграда, на веб старааната на општината www. sutoorizari.gov.mk во информацискиот систем е-урбанизам со број на

постапка 37761,  и со соопштенија и плакати околу подрачјето на планскиот опфат.

Скопје20.07.2023

Општина Шуто Оризари
Градоначалник
Курто Дудуш